# СТАТУТ

на Синдикатот на работниците од управата,
правосудните органи и
здруженијата на граѓани на РМ

*Март 2022 година, Скопје*

Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија, врз основа на членот 188 од Законот за работните односи, како и измените и дополнувањата усвоени на: Дванаесетата седница на Претседателството одржана на 03.11.2012 година, Дваесет и шестата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ одржана на 03.10.2015 година, Седмото собрание на Синдикатот на УПОЗ одржано на 12.12.2015 година, Дваесет и третата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ одржана на 24.06.2020 година и Тринаесетата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ одржана на 30.11.2021 година, како и измените и дополнувањата усвоени на Осмиот Конгрес одржан на 10.12.2021 година и измените и дополнувањата усвоени на Третата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ одржана на 24.02.2022 година донесе:

# *СТАТУТ*

на Синдикатот на работниците од управата,
правосудните органи и здруженијата на граѓани
на Република Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија (во натамошниот текст Синдикатот) е доброво-

на, самостојна, демократска, независна и непартиска организација на вработените во државната управа, локалната самоуправа, правосудните органи, здруженијата на граѓани, други служби и правни лица во државната и јавната управа, како и сите правни лица основани од Владата на РСМ и Собранието на РСМ.

## Член 2

Со овој Статут се утврдува целта, внатрешната организација, името, седиштето, подрачјето на дејствување, симболот, органите и телата на Синдикатот, начинот на нивниот избор и отповикување, постапката за зачленувањето и престанувањето на членството, начинот на одредување на членарината, начинот на донесување на измени и дополнувања на Статутот, правилниците и другите општи акти и начинот на стекнување на имотот, располагање и надзор над него, како и престанувањето на работата на Синдикатот.

## Член 3

(1) Синдикатот е правно лице и е независен од работодавачот.

(2) Синдикатот го сочинуваат сите негови организациони форми утврдени со овој Статут.

(3) Синдикатот заради остварување на интересите на своите членови презема дејствија утврдени со Уставот и законите.

(4) Синдикатот ги претставува неговите членови, преговара во нивно име, ги заштитува и им овозможува правна помош и судска заштита, материјално ги помага и организира и го води штрајкот.

(5) Синдикатот соработува согласно начелата на синдикалната солидарност со демократските синдикални здруженија, со исти или сродни интереси, како во земјата така и во странство и може во нив да членува.

**Член 4**

Синдикатот е здружен во Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) и може да пристапува и во други сојузи и меѓународни организации.

**Член 5**

Синдикатот е основан на 8 јули 1991 година со назив Синдикат на управата, правосудството, општествените организации и здруженијата на граѓани на Република Македонија како правен следбеник на Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од управата, правосудството и финансиските организации на ССМ.

## II. НАЗИВ, СЕДИШТЕ, ЗНАК, ПЕЧАТ И ЗНАМЕ НА СИНДИКАТОТ

### Член 6

(1) Синдикатот има назив: **СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.** Во меѓународната комуникација Синдикатот го користи следниов назив: **Trade Union of the workers from the administration, judiciary and Citizens' associations of the Republic of Macedonia.**

(2) Скратеното име (назив) на Синдикатот е: Синдикат на УПОЗ. Во меѓународната комуникација го користи скратеното име: UPOZ

(3) Седиштето на Синдикатот е во Скопје, ул. XII Ударна бригада бр. 2а (зграда на Работнички дом).

### Член 7

Симболот на Синдикатот е во квадратна форма, а во внатрешноста има три жолти стрелки насочени кон иста цел, на сина основа.

### Член 8

Печатот на Синдикатот е со тркалезна форма со пречник 4 см, а го содржи знакот и називот: Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија.

### Член 9

Знамето на Синдикатот е со правоаголна форма и димензии 2x1 м, со сина боја а во средината е знакот на Синдикатот со скратеното име (назив).

## III. ПРИНЦИПИ И ПОДРАЧЈЕ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ

### Член 10

Синдикатот дејствува врз основа на следниве принципи:

- самостојност и независност;
- солидарност, взаемност, рамноправност и меѓусебно почитување на сите негови членови;
- одговорност на органите и телата на Синдикатот и синдикалните организации, избраните и именуваните синдикални претставници и сите негови членови;
- демократско донесување на одлуките на сите нивоа на организираност,
- јавност во работењето, и
- почитување на Уставот, законите и меѓународните конвенции.

### Член 11

Синдикатот дејствува на подрачјето на Република Македонија.

## IV. ЦЕЛИ НА СИНДИКАЛНОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ

### Член 12

Синдикатот делува заради:

– обединување во Синдикатот на членовите - вработени во државната и јавната управа, правосудните органи и здруженијата на граѓани, како и сите правни лица основани од Владата на РМ и Собранието на РМ заради подобрување и заштита на нивните права и интереси гарантирани со Уставот, законите и колективните договори, без оглед на нивната политичка, расна, верска или национална припадност, пол, брачна состојба, социјално потекло, имотна состојба или општествена положба;

– преговарање и склучување на колективни договори;

– борба за слободна, демократска, правна и социјална држава и достоинство на професијата;

– утврдување на цената на трудот и другите услови на работа, достојни на човекот;

– осигурување на право на работа и непрекинато вработување;

– организирање на членовите и остварување на правото на штрајк;

– доделување на неповратна материјална помош како и бескаматно кредитирање на членовите од Солидарниот фонд;

– образование на членовите заради поуспешно синдикално дејствување, и

– остварување и на други потреби кои ќе произлезат како иницијатива на членовите на Синдикатот.

## V. ПРЕТСТАВУВАЊЕ, ЗАСТАПУВАЊЕ И ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

### Член 13

(1) Синдикатот го претставува и застапува претседателот на Синдикатот, а во случај на негова спреченост друг член од Претседателството на Синдикатот по овластување на претседателот на Синдикатот.

(2) Претседателот на Синдикатот може по потреба да ополномошти друго правно лице за извршување на одредени работи за Синдикатот.

## VI. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО СИНДИКАТОТ

### Член 14

(1) Вработените доброволно се зачленуваат и истапуваат од Синдикатот.

(2) Зачленувањето се врши со потпишување на пристапница и уплата на првата членарина.

(3) По прифаќањето на пристапницата, Синдикатот писмено го известува работодавачот за зачленувањето на вработениот, а потоа на членот му се издава членска карта која е во сопственост на Синдикатот.

(4) Во исклучителни случаи, кога се основа нова синдикална организација, за членови на Синдикатот ќе се сметаат и оние кои не ја уплатиле синдикалната членарина, но не подолго од 30 дена.

(5) Текстот на членската карта е испишан на македонски јазик и на јазикот на немнозинската заедница на која членот и припаѓа.

### Член 15

На лицата кои имаат преговарачки овластувања во однос на правата на работниците, статусот член на Синдикатот им мирува додека им трае мандатот на функцијата.

### Член 16

(1) Членови на Синдикатот можат да бидат и невработените лица, ученици и студенти, како и пензионираните лица кои ќе изразат желба да членуваат.

(2) Членовите од став 1 на овој член можат да ги користат сите бенефити/права од член 12 освен оние содржани во алинеја 6.

## VII. ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНУВАЊЕТО

### Член 17

Членството во Синдикатот престанува:

(а) со истапување преку давање писмена изјава;

(б) со бришење од евиденцијата поради престанок на работниот однос или поради остварување на правото на пензија;

(в) со исклучување заради дејствување спротивно на Статутот, и

(г) заради смрт на членот.

### Член 18

(1) Членот истапува од Синдикатот по слободно изразената волја со поднесување писмена изјава преку претседателот на синдикалната организација до Синдикатот на УПОЗ.

(2) Синдикатот е должен, по претходен разговор со членот, во рок од 30 дена да се изјасни по поднесеното барање.

(3) По прифаќањето на истапницата Синдикатот писмено го известува работодавачот дека членот истапил, како и да ја запре задршката/уплатата на синдикалната членарина за членот кој истапува.

(4) По прифатеното барање за истапување од Синдикатот, членот е должен да ја врати членската карта и со тоа му престануваат сите права и обврски.

(5) Членот кој по слободна волја ќе истапи од Синдикатот, може повторно да се зачлени по истекот на шест месеци од истапувањето, но правата како член ќе може да ги користи по изминувањето на шест месеци од денот на повторното зачленување.

## Член 19

(1) Членот на Синдикатот кој користел средства од Солидарниот фонд или која било погодност или бенефиција од Синдикатот, не може да истапи се до моментот на конечната исплата на средствата доколку користел позајмица.

(2) Членот не може да истапи од Синдикатот на УПОЗ и, во случаите кога користел право од Колективен договор, потпишан од Синдикатот на УПОЗ или право од работен однос регулирано со друг документ (Спогодба, Договор и слично) ако со тие права членот добил финансиски бенефит или подобрување на неговиот статус на работното место, како и правна помош при учество во судски спорови, дисциплински и други правни постапки во кои членот бил застапуван од Синдикатот на УПОЗ.

(3) Доколку членот користел права од ставовите 1 и 2 од овој член, неможе да истапи во период од три години од денот на поднесување на барањето за истапување.

### Член 20

Синдикалните организации, односно членовите на Синдикатот не можат колективно да истапуваат од Синдикатот и секоја таква одлука е ништовна.

### Член 21

Синдикална организација која повеќе од три месеци последователно или шест месеци во годината не уплатува членарина, согласно Статутот и Одлуката на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ, се брише од евиденцијата на Синдикатот.

### Член 22

Членот се брише од евиденцијата доколку се пензионира, а не изрази волја неговото членство да продолжи, замине во друга организација или установа која не е членка на Синдикатот на УПОЗ или во случај на престанок на работниот однос на членот.

### Член 23

(1) Предлог за исклучување на членот дава претседателот на синдикалната организација, а одлука донесува синдикалната организација.

(2) За да биде одлуката полноважна, потребно е присуство на мнозинство од вкупниот број членови и мнозинство гласови од присутните.

(3) Одлуката за исклучување, синдикалната организација е должна да му ја достави на членот во рок од 15 дена и да го извести Синдикатот.

(4) Во исклучителни случаи, синдикалната организација може да поднесе предлог за исклучување и до Претседателството на Синдикатот на УПОЗ.

## Член 24

(1) Членот кој е исклучен има право на жалба на Одлуката за исклучување во рок од 15 дена од приемот на истата преку синдикалната организација до Статутарната комисија на Синдикатот.

(2) Жалбата не го одлага извршувањето на Одлуката.

(3) Одлуката на Статутарната комисија е конечна.

## Член 25

(1) Во случај кога предлогот за исклучување на член е поднесен до Претседателството на Синдикатот на УПОЗ, на одлуката на Претседателството, незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена преку Претседателството до Конгресот на Синдикатот на УПОЗ.

(2) Жалбата не го одлага извршувањето на одлуката.

(3) Одлуката на Конгресот на УПОЗ е конечна.

## Член 26

Причина за исклучување може да биде непочитување на Статутот, одлуките на Претседателството на Син-

дикатот и Синдикалната организација, како и однесувањето на членот, ако со таквото однесување му нанесува штета на угледот на Синдикатот и неговите членови.

### Член 27

Известување до работодавачот за уплатата на синдикалната членарина и начинот на нејзината распределба како и престанок на уплатата за оние членови кои доброволно истапиле, поднесува исклучиво Синдикатот.

## VIII. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОТ

### Член 28

Членот на Синдикатот ги има следниве права:

(а) на застапување при преговарање и склучување на колективните договори;

(б) правни совети и помош;

(в) пружање материјална помош (болест, лекување, елементарни непогоди, смрт и сл.)

(г) заштита за време на штрајк

(д) да избира и да биде избран во телата на Синдикатот

(ѓ) навремено да биде информиран за сите активности на Синдикатот во врска со остварување на правата од работен однос

(е) на образование и оспособување за синдикална работа

(ж) на културни, спортски и други средби и дружење меѓу членовите

(з) на набавка на производи и услуги под поволни услови и

(ѕ) на остварување на права кои произлегуваат од работата и дејствувањето на Синдикатот.

## Член 29

Членот на Синдикатот ги има следниве обврски:

(а) совесно и одговорно да ги извршува работните обврски;

(б) да ги почитува одредбите од Статутот и да делува согласно одлуките на Синдикатот;

(в) одговорно и чесно да ги извршува довериените должности во Синдикатот;

(г) да учествува во организираните активности на Синдикатот (предупредување, бојкот, протест, штрајк и др.);

(д) да го чува имотот на Синдикатот,

(ѓ) редовно да ја плаќа синдикалната членарина;

(е) да ги развива односите во Синдикатот врз принципот на човековите права, основните слободи и работничката солидарност, како и да ги почитува слободите на човекот, да не ја искажува партиската припадност и да верува во синдикалното дејствување;

(ж) да го пропагира Синдикатот заради придобивање на нови членови, и

(з) при премин во друга синдикална организација на Синдикатот на УПОЗ, да го извести Синдикатот во рок од 30 дена што ќе овозможи континуирано членство и задржување на сите права на членот согласно Статутот.

## VIII.1 Правна помош

### Член 30

(1) Правната помош опфаќа:

(а) правни совети во врска со остварување на правата од работа и врз основа на трудот, и

(б) пружање на трудово – правна заштита пред судовите во Република Македонија.

(2) Правна помош од став 1 алинеја (а) на овој член се остварува преку претседателот на синдикалната организација или преку правната служба на Синдикатот.

(3) Правна помош од ставот 1 алинеја (б) на овој член се остварува со поднесување барање за помош врз основа на овластувањето за застапување дадено на Синдикатот.

(4) Во исклучителни случаи, членот го губи правото на правна помош од Синдикатот доколку не постапи или постапи спротивно на писменото упатство од правната служба на Синдикатот.

(5) Правото на правна помош престанува со денот на истапување на членот од Синдикатот односно со престанок на членство во Синдикатот.

(6) Правната служба може во исклучителни случаи поради преголем обем на работа, да го одбие членот заради премногу задоцнето барање, односно кога за помош се јавил два дена пред да настане застарување на правото односно настапување на рокот за преземање на неопходните правни дејствија.

## IX. ОРГАНИЗИРАНОСТ НА СИНДИКАТОТ

### IX.1. Синдикална организација

**Член 31**

(1) Основен облик на организирање е Синдикалната организација.

(2) Синдикалната организација има свој печат и трансакциска сметка, но нема својство на правно лице.

(3) Синдикалната организација трансакциската сметка ја добива по основ на правниот субјективитет на Синдикатот на УПОЗ.

(4) Потписници на трансакциската сметка на Синдикалната организација се претседателот на Синдикатот на УПОЗ и претседателот на синдикалната организација.

(5) Во одредени случаи потписник може да биде уште еден член на синдикалната организација.

(6) Потпишувањето може да биде поединечно, колективно или комбинирано.

## IX.2. Формирање и конституирање на синдикална организација

### Член 32

(1) Иницијатива за формирање на синдикална организација можат да покренат група вработени или Синдикатот на УПОЗ.

(2) Синдикалната организација се конституира врз принципот – една синдикална организација на Синдикатот на УПОЗ во установата или организацијата, со најмалку пет члена.

### Член 33

(1) Синдикалната организација има свој печат и трансакциска сметка која е подсметка на сметката на Синдикатот на УПОЗ кај надлежна банка и делува согласно одредбите на овој Статут.

(2) Во исклучителни случаи, поради неправилности во работењето, Претседателот на Синдикатот може времено да ја блокира трансакциската сметка на синдикалната организација, по што е должен на првата наредна седница да го извести Извршниот одбор на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ.

(3) По отстранување на неправилностите во работењето, Претседателот на Синдикатот ќе ја деблокира трансакциската сметка на синдикалната организација.

(4) Доколку Надзорниот одбор на Синдикатот утврди злоупотреба на трансакциската сметка, како и во случај на престанок на работа на синдикалната организација по било кој основ, Претседателството на Синдикатот може да донесе одлука за затворање на трансакциската сметка.

(5) Во случај на престанок на работата на синдикалната организација од претходниот став, имотот и средствата на синдикалната организација се пренесува на Синдикатот на УПОЗ.

## IX.3. Синдикална подружница

### Член 34

(1) Синдикалните организации кои имаат членови во подрачните единици и одделенија, заради поефикасно дејствување се организираат во синдикални подружници.

(2) Бројот на синдикланите подружници, начинот на нивното организирање и потребниот број членови за формирање на подружница го утврдува синдикалната организцаија.

(3) Синдикалната подружница која има над 10 члена, избира свој повереник.

(4) Синдикалните подружници со помалку од 10 членови кои немаат свои повереници се групираат и избираат свој повереник на ниво на регион.

(5) Синдикалната подружница нема својство на правно лице, може да има подсметка на синдикалната организација и дејствува согласно одредбите на овој Статут.

(6) Советот на повереници го сочинуваат поверениците од подрачните единици или одделенија кои бираат главен повереник.

(7) Советот на повереници, од редот на поверениците избира претседател на Синдикалната организција.

### IX.4. Органи на синдикалната организација

#### Член 35

Органи на синдикалната организација се: Собрание, Совет на повереници (само во синдикалните организации со подружници), претседател, заменик претседател и Извршен одбор.

### IX.4.1 Собрание на Синдикалната организација

#### Член 36

(1) Собранието на синдикалната организација го сочинуваат сите членови на организацијата.

(2) Собранието бира претседател и негов заменик.

(3) Постапката за свикување на Собрание на синдикалната организација се регулира со посебна одлука на Претседателството на Синдикатот,

(4) Ако синдикалната организација брои повеќе од 25 членови, избира Извршен одбор составен од 3 до 7 члена.

(5) Синдикалните организации со помалку од 25 членови бираат само претседател и негов заменик.

## Член 37

(1) Мандатот на избраните членовите на синдикалната организација трае пет години. Во случај Собранието на синдикалната организација да се одржи најмногу 12 месеци пред одржувањето на Конгресот на Синдикатот на УПОЗ, мандатот може да трае и подолго.

(2) Доколку Собранието позитивно ја оцени работата на претседателот и неговиот заменик, можат да бидат избирани повеќепати едно по друго.

## Член 38

Доколку во синдикалните организации бидат евидентирани притисоци од страна на работодавачите, раководните лица, политичките партии или поединци на синдикалната организација и ако во рок од еден месец не се надминат тие влијанија, Претседателот на Синдикатот на УПОЗ ќе именува претседател, заменик и Извршен одбор во тие синдикални организации.

## IX.4.2. Извршен одбор на синдикалната организација

### Член 39

(1) Извршниот одбор е извршно тело на Синдикалната организација.

(2) Бројот на членовите на Извршниот одбор е определен од бројот на членовите во синдикалната организација и тој може да изнесува од 3 до 7 члена.

### Член 40

Извршниот одбор ги извршува следните работи:

(а) ги подготвува седниците на Синдикалната организација;

(б) ги спроведува одлуките на Синдикатот;

(в) се грижи за подобрување на условите за работа и заштитата при работа;

(г) преговара за колективниот договор и негово склучување со задолжително учество на претставник на Синдикатот и се грижи за негова доследна примена;

(д) заштита на правата на членовите на Синдикатот кои произлегуваат од службата односно од работата која ја извршува;

(ѓ) ги претставува членовите во дисциплинските постапки како и други постапки во организацијата или установата во која работи;

(е) обезбедува услови за слободно и непречено синдикално дејствување;

(ж) применува различни форми на предупредување и притисок, вклучувајќи го и штрајкот во соработка и согласност со повисоките органи на Синдикатот;

(з) овозможува користење на услуги и производи за членовите по поволни услови без право на преземање гаранции и потпишување договори со кои се преземаат финансиски обврски кои ќе бидат на товар на Синдикалната организација или Синдикатот, и

(ѕ) презема и други активности кои се од интерес за членството.

### IX.4.3 Претседател на Синдикалната организација

**Член 41**

(1) Претседателот на Синдикалната организација е лице кое заедно со претседателот на Синдикатот ја претставуваат Синдикалната организција пред работодавачот;

(2) Претседателот на Синдикалната организација го заменува неговиот заменик;

(3) Претседателот и неговиот заменик на Синдикалната организација истовремено се членови на Извршниот одбор;

(4) Претседателот и неговиот заменик ги бира Собранието на синдикалната организација со мандат од пет години;

(5) Доколку во Синдикалната организација од било кои причини не се избере претседател, него може да го именува претседателот на Синдикатот;

(6) Бројот на мандатите на претседателот на синдикалната органивизација не е ограничен.

## Член 42

Должности на претседателот на Синдикалната организација се:

(а) организирање, спроведување и надзор на сите синдикални активности во организацијата;

(б) спроведување на одлуките на Конгресот и извршните органи на Синдикатот;

(в) заедно со претседателот на Синдикатот го склучува и потпишува Колективниот договор на ниво на работодавач;

(г) застапување на членовите на Синдикатот пред работодавачот;

(д) учество во остварување на заштита на правата на членот на Синдикатот;

(ѓ) преземање активности заради зголемување на бројот на членови и води ажурна евиденција која е должен најмалку два пати годишно да ја усогласи со евиденцијата во Синдикатот на УПОЗ;

(е) еднаш годишно поднесува извештај за финансиското работење пред членството;

(ж) еднаш месечно ги доставува сите документи (фактури, фискални сметки и сл.) кои произлегле од финансиското работење на синдикалната организација, и

(з) извршува и други работи за кои ќе го задолжи Синдикатот, а кои се во согласност со Статутот.

**Член 43**

(1) Претседателот на Синдикалната организација има права и ужива имунитет утврден со закон, овој Статут и Колективниот договор.

(2) На избраниот или именуваниот претседател Синдикатот му издава Одлука.

(3) Формата и содржината на одлуката ја одредува Претседателството на Синдикатот.

## IX.4.4. Избори на органите и одлучување во синдикалните организации

**Член 44**

(1) Органите на синдикалната организација се изборни.

(2) Мандатот на членовите на органите и носителите на функциите во синдикалните организации е пет години.

(3) Одлука за распишување избори во синдикалните организации донесува Претседателството на Синдикатот на УПОЗ, а начинот и постапката за избор на членови на органите и носителите на функции се регулира со Упатство.

## Член 45

Одлука за распишување избори во синдикалните организации донесува Претседателството на Синдикатот на УПОЗ, а начинот и постапката за избор на членови на органите и носителите на функции се регулира со Упатство.

## Член 46

(1) Изборите можат да бидат со јавно или тајно гласање.

(2) За полноважен избор нужно е присуство на мнозинство од вкупниот број членови.

(3) За избрани се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство од присутните членови.

## Член 47

(1) Бројот на мандатите на членовите на органите и носителите на функции се без ограничување, но за тоа време можат да поднесат оставка, да бидат разрешени или отповикани.

(2) Претседателот на синдикалната организација, односно членот на органот може да поднесе оставка доколку не може да ги извршува обврските или ако оставка бараат членовите.

(3) Претседателот на синдикалната организација, односно член на органот може да биде разрешен и доколку неговите ставови и мислења се во спротивност со ставовите на Синдикатот.

(4) Претседателот на Синдикалната организација, односно член на органот може да биде отповикан и кога членовите не се задоволни од неговата работа.

(5) Иницијатива за разрешување и отповикување покренуваат најмалку 1/3 од членовите на синдикалната организација.

### Член 48

(1) Во случај на пасивност и неактивност на синдикалната организација или активности кои се спротивни на Статутот, Програмата и интересите на членството, Претседателот на Синдикатот може да донесе одлука за разрешување на претседателот и/или Извршниот одбор на синдикалната организација.

(2) Доколку претседателот на синдикалната организација биде разрешен согласно ставот (1) од овој член, претседателот на Синдикатот на УПОЗ именува претседател и Извршен одбор.

## X. ОРГАНИ НА СИНДИКАТОТ

### Член 49

Органи на Синдикатот на УПОЗ се: Конгрес, Претседателство, Извршен одбор, претседател на Синдикатот, Надзорен одбор и Статутарна комисија.

## X.1. Конгрес на Синдикатот

### Член 50

(1) Конгресот на Синдикатот на УПОЗ *(во натамошниот текст Конгресот)* е највисок орган на Синдикатот;

(2) Конгресот се свикува на секои пет години или по барање на членовите;

(3) Вонреден конгрес се свикува на барање на две третини од синдикалните организации кои имаат членство над 50% од вкупниот број членови на Синдикатот или по иницијатива на Претеседателот на Синдикатот.

(4) Иницијатива за свикување Вонреден конгрес не може да се покрене една година пред одржувањето на редовниот конгрес и една година по неговото одржување.

(5) Одлука за датумот и местото на одржување на Конгресот донесува Претседателството на Синдикатот, најмалку еден месец пред неговото одржување.

(6) Бројот и структурата на делегатите на Конгресот се утврдува со посебна одлука на Претседателството.

(7) Делегати на Конгресот се и членовите на Претседателството, Надзорниот одбор и Статутарната комисија.

(8) Делегати на вонредниот Конгрес се делегатите кои биле избрани за редовниот Конгрес.

(9) Доколку во годината - периодот кога е планирано одржување на Конгресот, државен орган или институција (Претседател на Р. Македонија, Собранието, Владата итн) прогласат вонредна состојба, воена состојба, кризна

состојба, елементарна непогода, состојба на виша сила и притоа донесат Одлуки или мерки со кои се спречува/ограничува можноста за организирање на собири од било каков вид, мандатите на членовите на органите и телата на Синдикатот на УПОЗ и претседателите на синдикалните организации се продолжуваат до завршување на прогласената вонредна, воена кризна состојба, елементарна непогода, состојба на виша сила, мерки и одлуки, односно до создавање на соодветни услови за одржување на Конгресот на Синдикатот на УПОЗ.

**Член 51**

(1) Конгресот работи ако на истиот присуствуваат повеќе од половината избрани делегати.

(2) Одлуките се полноважни ако за нив се изјаснат повеќе од половината присутни делегати на Конгресот.

**Член 52**

Задачи и овластувања на Конгресот се:

(а) избор и именување на работни тела на Конгресот;

(б) донесување Деловник за работа на Конгресот;

(в) донесување Статут и Програма за работа на Синдикатот;

(г) усвојување Извештај за работата во периодот меѓу два Конгреса;

(д) го разрешува Претседателството, претседателот на Синдикатот и Надзорниот одбор;

(ѓ) ја верификува Одлуката за бројот и структурата на Претседателството;

(е) врши избор на претседател на Синдикатот;

(ж) врши избор на членовите и нивните заменици на Надзорниот одбор;

(з) донесува одлука за здружување и раздружување;

(ѕ) донесува одлука за престанување на дејствување на Синдикатот.

## X.2. Претседателство на Синдикатот

### Член 53

(1) Претседателството е највисок орган на Синдикатот меѓу два Конгреси.

(2) Претседателството го сочинуваат: Претседателот на Синдикатот, Генералниот секретар, претседателите или друг претставник од синдикалните организации како и претседателите на одборите, согласно Одлуката за бројот и структурата на членовите.

(3) Во текот на мандатниот период, Претседателството може да врши замена на членовите на својот состав до 1/3 од вкупниот број.

(4) Верификација на нови членови на Претседателството меѓу два Конгреса врши Претседателството.

## Член 54

(1) Претседателството на Синдикатот одговара за својата работа пред Конгресот и членството.

(2) Претседателството се состанува по потреба, а најмалку еднаш на три месеци.

(3) Во услови на прогласена вонредна состојба, воена состојба, кризна состојба, елементарна непогода, состојба на виша сила на територијата на целата држава и притоа се донесат Одлуки или мерки со кои се спречува/ограничува можноста за организирање на собири од било каков вид, седниците на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ може да се закажат и одржат и по рокот предвиден во став (2) од овој член, по завршување на прогласената вонредна, воена и кризна состојба, елементарна непогода, состојба на виша сила, мерки и одлуки, односно по создавање на соодветни услови за одржување на седниците.

(4) Со работата на Претседателството раководи претседателот на Синдикатот.

(5) Претседателството од својот состав бира Извршен одбор на предлог на Претседателот на Синдикатот.

(6) Претседателството може да работи доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината негови членови, а одлуките се полноважни ако за нив се изјасни мнозинството од присутните членови.

## Член 55

Претседателството на Синдикатот самостојно и во рамките на своите права, должности и одговорности:

(а) обезбедува поволни услови за преговарање, партнерска улога при склучување на колективните договори како и другите форми на преговарање, договарање и спогодување за сите прашања од интерес на членството и Синдикатот;

(б) презема потребни активности за унапредување на условите за работа, заштита на работа и унапредување на работната и животната средина;

(в) поднесува финансиски план и ја усвојува завршната сметка на Синдикатот;

(г) донесува одлука за финансирање на Синдикатот, висината, начинот на распределбата и уплатата на синдикалната членарина;

(д) расправа и го усвојува конечниот текст на колективниот договор на ниво на гранка доколку тоа овластување не го пренело на работната група за колективно преговарање;

(ѓ) утврдува Предлог – текст на Статутот како и измени и дополнување меѓу два Конгреса на Синдикатот;

(е) донесува одлука за бројот и структурата на Претседателството;

(ж) утврдува листа за можни кандидати за претседател на Синдикатот на УПОЗ по која се изјаснуваат синдикалните организации;

(з) по изјаснување на синдикалните организации, утврдува Предлог можни/ен кандидат за Претседател на Синдикатот на УПОЗ;

(ѕ) ги избира и разрешува Статутарната комисија, Комисијата за солидарен фонд и Натпреварувачката комисија;

(и) именува преговарачки тим за склучување на колективни договори;

(ј) по потреба именува регионални преставници на предлог на претседателот;

(к) се залага за сигурност на работните места како и за материјална и социјална сигурност;

(л) ја унапредува организацијата на Синдикатот и донесува одлуки, упатстава и препораки;

(љ) организира образование на синдикалните претставници;

(м) донесува и ја спроведува Програмата за работа;

(н) обезбедува извршување на сите барања за потребите на Конгресот, Надзорниот одбор, Статутарната комисија како и другите органи кои ги основа;

(њ) помага во работата на синдикалните организации;

(о) предлага Деловник за работа на Претседателството и одлучува за сите прашања од интерес на Синдикатот кои не се во надлежност на органите и телата на Синдикатот;

(п) одлучува по жалба на Одлуката на Статутарната комисија за исклучување на член на Синдикатот;

(р) во посебни случаи одлучува по предлогот за исклучување на членот;

(с) донесува Правилник за материјално-финансиското работење на Синдикалните организации;

(т) донесува Одлука за одлагање на Конгресот на Синдикатот согласно член 50 став 9 доколку има оправдани причини и образложение за истата.

## X.3. Извршен одбор на Претседателството

### Член 56

(1) Извршниот одбор е извршно тело кое го сочинуваат најмногу седум членови.

(2) Претседателот на Синдикатот по функција е член и претседател на Извршниот одбор и заедно со другите членови за својата работа одговорен е пред Претседателството.

(3) Извршниот одбор се состанува по потреба а со неговата работа раководи претседателот на Синдикатот;

(4) Ги спроведува одлуките на Претседателството и се грижи за информативната, организациската и друга дејност во Синдикатот и односите со работодавачот и јавноста.

(5) Утврдува ставови согласно програмските активности на синдикатот и ги предлага на усвојување на Претседателството;

(6) Утврдува листа за можни кандидати за членовите на телата на Синдикатот;

(7) Утврдува предлози за награди, дипломи и други признанија на членовите на Синдикатот и синдикалните организации;

(8) Извршува и други работи по овластување на Претседателството.

### Член 57

Извршниот одбор се состанува меѓу седниците на Претседателството и може да донесува одлуки и заклучоци по итни прашања од надлежност на Претседателството и за истите да го информира Претседателството на првата наредна седница.

## X.4. Претседател на Синдикатот

### Член 58

Претседателот на Синдикатот го избира Конгресот и:

(а) го преставува и застапува Синдикатот;

(б) го застапува Синдикатот во правниот и финансискиот промет;

(в) подготвува Предлог - листа за состав на Претседателството на Синдикатот која се верифукува на конститутивната седница на Претседателството;

(г) ги свикува и раководи со седниците на Претседателството и Извршниот одбор;

(д) ја спроведува политиката и активностите на Синдикатот согласно Статутот и Програмските насоки на Конгресот;

(ѓ) се грижи и го обезбедува спроведувањето на Статутот, одлуките на Конгресот, како и другите органи на Синдикатот;

(е) ги координира активностите на органите и телата на Синдикатот;

(ж) заедно со претседателот на синдикалната организација ги склучува и потпишува поединечните колективни договори на ниво на работодавач;

(з) управува со финансиските средства и имотот на Синдикатот;

(ѕ) ги склучува и потпишува колективните договори на Синдикатот и другите договори;

(и) остварува соработка со другите синдикати како и со синдикатите, граѓанските организации и здруженијата на повисоко ниво на организирање во Македонија и во странство;

(ј) иницира и координира активности за реализација на одлуките, заклучоците и ставовите на Синдикатот и неговите тела;

(к) по потреба може да свика состанок во било која синдикална организација;

(л) во исклучителни случаи а заради заштита на имотот и средствата на Синдикалната организација, може да донесе Одлука за блокирање на сметката на било која синдикална организација и

(љ) врши и други работи во согласност со овој Статут.

## X.5. Генерален секретар

### Член 59

Синдикатот има Генерален секретар кого го избира Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на предлог на претседателот на Синдикатот и по функција е член на Претседателството.

Го заменува претседателот на Синдикатот во случај на негова спреченост и во негово отсуство од работа.

Генералниот секретар му помага на претседателот на Синдикатот во работата и ги извршува правните, организациските, техничките и другите стручни работи за потребите на Синдикатот а особено:

(а) ја организира работата на Стручната служба;

(б) пружа организациска и друга помош како и поддршка на органите и телата на Синдикатот;

(в) го информира членството и јавноста по пат на соопштенија, интернет страницата и други форми на информирање;

(г) ги подготвува и изработува нацрт актите за потребите на Синдикатот;

(д) изработува предлози и ја организира едукацијата на синдикалните преставници и членовите на Синдикатот;

(ѓ) се грижи за ажурна евиденција на членството на Синдикатот;

(е) учествува во работната група за колективните договори што ги склучува Синдикатот;

(ж) врши и други работи во согласност со Статутот и програмските насоки;

(ѕ) учествува во работата на Извшрниот одбор без право на глас.

## X.6. Надзорен одбор

### Член 60

(1) Надзорниот одбор врши надзор над употребата и користењето на имотот и финансиските средства на Синдикатот,

(2) Надзорниот одбор се состои од три члена и исто толку заменици,

(3) Изборот на членови на Надзорниот одбор го врши Конгресот,

(4) Меѓу два Конгреса, членови може да избира и Претседателството на Синдикатот

(5) Надзорниот одбор на својата конститутивната седница бира претседател и негов заменик.

(6) Членовите на Надзорниот одбор не можат истовремено да бидат и членови на Претседателството.

## X.7. Статутарна комисија

### Член 61

(1) Статутарната комисија:

(а) го следи остварувањето и спроведувањето на Статутот на Синдикатот;

(б) дава толкување на одредбите на Статутот и подготвува Предлог - измени и дополнувања;

(в) ја оценува усогласеноста на одредбите на другите акти на Синдикатот и органите и телата на Синдикатот со одредбите на Статутот;

(г) утврдува предлог за усогласување на Статутот со прописите;

(д) арбитрира во споровите меѓу синдикалните ор ганизации и Синдикатот, и

(ѓ) одлучува по жалба за исклучување на член на Синдикатот.

(2) Статутарната комисија има пет члена и исто толку заменици и нив ги бира Претседателството на Синдикатот.

(3) Статутарната комисија од редот на своите членови бира претседател и заменик претседател на Статутарната комисија,

(4) Членовите на Статутарната комисија не можат истовремено да бидат и членови на Претседателството на Синдикатот.

## XI. ФОРМИ НА РАБОТА И ДЕЈСТВУВАЊЕ

### Член 62

(1) Заради разгледување на специфичните прашања од посебен интерес за одделни групации односно дејности, Претседателството може да формира одбори како постојани форми на работа односно делување;

(2) Зависно од потребата, Претседателството може да формира и други постојани и повремени работни тела (комисии и сл.) кои ќе бидат задолжени да водат сметка за одделни специфични прашања од интерес за членовите на Синдикатот.

### Член 63

Одборите на дејностите и другите постојни и повремени работни тела можат да имаат три, пет или најмногу седум члена.

Членовите на тие тела се именуваат од редовите на членовите на Синдикатот на предлог на Претседателот на Синдикатот во соработка со претседателот на Синдикалната организација.

Темите или одлуките кои се предлагаат за разгледување или решавање на одделни прашања кои се однесуваат на специфичните интереси на одделните групации односно дејности, по правило потребно е претходно да се разгледаат на седница на одборот на дејноста за која е основан.

Претставници од одборите и другите постојни и повремени работни тела задолжително присуствуваат на седницата на Претседателството на која се расправа по темата.

# XII. ПОСТАПКА НА ИЗБОР, ОТПОВИКУВАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ

## XII.1. Избори во синдикалните организации

### Член 64

(1) Изборите во синдикалните организации се полноважни ако на состанокот присуствуваат повеќе од половина членови, а избран е кандидатот кој добил мнозинство од гласовите на присутните.

(2) Изборите за органите и телата на синдикалните организации можат да бидат јавни и тајни.

(3) Во синдикалните организации со подружници изборите се полноважни ако на состанокот присуствуваат повеќе од половина од синдикалните повереници, а одлуките се верификуваат доколку за нив гласаат мнозинство од присутните.

(4) За изборот се составува записник кој содржи податоци за вкупниот број присутни членови, резултати од изборите, заверен од избран записничар и двајца оверувачи на записникот.

## XII.2. Избори на органи и тела на Синдикатот

### Член 65

(1) Изборите за органите и телата на Синдикатот се полноважни ако се присутни 2/3 од членовите кои избираат.

(2) Сите органи и тела се бираат на пет години без ограничување на мандатот.

## Член 66

(1) Доколку во текот на изборните активности во синдикалните организации има притисоци врз членовите на Синдикатот од страна на работодавачите, раководните лица или политичките партии, Извршниот одбор на Синдикатот на итна седница може да донесе одлука за одложување на изборните активности, која ќе биде задолжителна за сите синдикални организации а истата ќе ја верификува на првата наредна седница на Претседателството.

(2) Ако во рок од шест месеци не се надминат тие влијанија согласно член 38 и член 41 став 5, Претседателот на Синдикатот на УПОЗ ќе именува претседател, заменик претседател и Извршен одбор во тие синдикални организации.

(3) Ако Претседателството оцени дека заради притисоците наведени во точка 1 од овој член нема услови за слободно организирање на избори, мандатот на сите органи и тела се продолжува.

## Член 67

(1) Отповикувањето на членовите на органите и телата во Синдикатот е во иста постапка како при изборот.

(2) Член на органот или тело на Синдикатот може да даде оставка и е должен истата да ја образложи.

(3) Во органите и телата на Синдикатот одлуките по правило се донесуваат со јавно гласање.

# XIII. СОРАБОТКА СО ДРУГИТЕ СИНДИКАТИ

## XIII.1. Меѓународна соработка

### Член 68

(1) Синдикатот соработува со други синдикати и синдикати на повисоко ниво, како во Македонија така и во странство, заради успешно остварување на неговите цели врз принципите на синдикалната взаемност и разбирање на сите нивоа на синдикално организирање и делување.

(2) Синдикатот самостојно или заедно со другите синдикати и синдикатите на повисоко ниво, ги утврдува и остварува целите на Синдикатот во меѓународната соработка.

(3) Воспоставената соработка се остварува во согласност со интересите на Синдикатот.

# XIV. УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ШТРАЈК И ДРУГИ СИНДИКАЛНИ АКТИВНОСТИ

### Член 69

Синдикатот со средства на притисок може да ги штити и промовира интересите на своите членови и е овластен да презема акции за штрајк, протести како и други синдикални активности согласно одредбите на Законот за работните односи, посебните закони и колективните договори.

## Член 70

Одлука за организирање штрајк, протест и други синдикални активности донесува Претседателството по извршените консултации со претседателите на синдикалните организации или по пат на писмено изјаснување на синдикалните организации.

Во исклучителни случаи, доколку се работи за организирање штрајк или други синдикални активности во синдикалните организации, одлука може да донесе претседателот на Синдикатот, односно Извршниот одбор.

## Член 71

Штрајк, протест или други синдикални активности, Синдикатот може да преземе во случај кога се кршат одредбите на колективните договори и законите заради неприфаќање на одредени барања на Синдикатот кои се однесуваат на материјалните и социјалните права на неговите членови, по претходно неуспешна постапка за помирување.

При организирање на штрајк, Синдикатот ги користи синдикалните правила за штрајк.

При организирање на штрајк, Претседателството и учесниците мора да водат сметка за остварување на со Уставот и законите загарантираните права и слободи.

## XV. ФИНАНСИСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА И ИМОТ НА СИНДИКАТОТ

### Член 72

(1) Основен извор на приходи и финансирање на дејноста на Синдикатот е членарината, донации, прилози, спонзорства, примени подароци и други материјални и нематеријални приходи.

(2) Висината на членарината и нејзиното распоредување се утврдува со одлука на Претседателството.

(3) Членарината се плаќа месечно при исплата на платата.

(4) Финансиското работење на Синдикатот се извршува преку сопствена жиро сметка, во согласност со позитивните законски прописи и одлуките на Претседателството и Претседателот на Синдикатот.

(5) Контрола на финансиското и материјалното работење на Синдикатот врши Надзорниот одбор и за тоа најмалку еднаш годишно поднесува извештај до Претседателството.

(6) По барање на Синдикатот на УПОЗ или по барање на членството, Надзорниот одбор е должен да изврши контрола на финансиското и материјалното работење во синдикалните организации.

(7) Синдикатот и синдикалните организации со средствата и имотот располагаат по принципот на добар домаќин.

## Член 73

(1) Синдикалните организации со своите поддружници можат да отворат трансакциски сметки заради располагање со делот на членарината која им припаѓа, како и заради користење на донации и помош која ќе ја добијат.

(2) Со финансиските средства во синдикалните организации располагаат извршните одбори, а финансиската документација ја потпишува претседателот.

(3) Во синдикалните организации кои немаат Извршен одбор, со финансиските средства располага претседателот на синдикалната организација.

(4) Синдикалните организации не можат да договараат и да преземаат финансиски обврски кои ќе го товарат Синдикатот.

(5) Во случај на престанок на работата на синдикалната организација, имотот и средствата преминуваат во сопственост на Синдикатот на УПОЗ.

# XVI. СТРУЧНА СЛУЖБА НА СИНДИКАТОТ

## Член 74

(1) Синдикатот има стручна служба која ги извршува правните, административно - техничките и други работи за потребите на Синдикатот и неговите органи и тела.

(2) Одлука за основање на Стручна служба донесува Претседателството.

(3) Описот на работите и работните задачи, делокругот на материјалните и други права на вработените се утврдува со Правилник за систематизација на работните места кој го донесува Извршниот одбор на Претседателството.

(4) Извршниот одбор може извршувањето на дел од работите да ги додели на друг субјект или овластен работник ако оцени дека тоа е поповолно за Синдикатот.

## XVII. ОДНОСИ НА СИНДИКАТОТ СО ССМ

### Член 75

(1) Заради остварување на заедничките и општите интереси на членовите, Синдикатот на УПОЗ може да биде здружен во Сојузот на Синдикати на Македонија, други синдикални асоцијации и здруженија на различни нивоа во Република Македонија и на меѓународно ниво.

(2) Одлуката за здружување односно истапување од ССМ може да донесе Конгресот со 2/3 мнозинство од присутните.

(3) Во случај на престанок на ССМ, Синдикатот на УПОЗ заедно со другите здружени синдикати е правен наследник на правата, имотот и средствата на ССМ.

# XVIII. ПРЕСТАНОК НА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА СИНДИКАТОТ

## Член 76

(1) Синдикатот може да престане со неговата работа и дејствување доколку Конгресот донесе таква одлука и на него учествуваат 2/3 од вкупниот број делегати, а за одлуката гласаат минимум 2/3 од присутните;

(2) Во случај на престанок на Синдикатот на УПОЗ, правата и располагањето со средствата и имотот ги презема Стручната служба;

(3) Имотот на Синдикатот не може да се пренесе на неговите членови;

(4) Во случај на престанок со работа на Синдикална организација, имотот и финансиските средства не можат да се распоредат на членовите туку тие припаѓаат на Синдикатот.

# XIX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## Член 77

(1) Синдикатот е правен наследник на Синдикатот на работниците од управата, правосудството и финансиските организации и е формиран на Основачкото Собрание одржано на 27.02.1990 година.

(2) Со решение на Министерството за внатрешни работи УП. Бр. 38-6136 од 12.09.1991 година Синдикатот е запишан во регистарот на општествени организации здруженија на граѓани како, општествена организација под името - Синдикат на работниците од управата, правосудството и општествените организации и здруженијата на граѓани на Македонија.

(3) Со решение на Министерството за труд и социјална политика бр.08-5567/1 од 30.09.1994 година со истиот назив Синдикатот е запишан во регистарот на синдикалните организации.

(4) Промената на називот на Синдикатот во сегашниот назив усвоена е на Собранието од 11.01.2006 година и е запишана во Централниот регистар со датум на упис во матичниот регистар 11.01.2006 година под ЕМБС: 4256816.

(5) Синдикатот е правен наследник и на делот од имотот стекнат во периодот додека дејствувал како Републички одбор на работниците од управата, правосудството и финансиските организации, како и на делот на заеднички стекнатиот имот и други права во целиот период додека е член на Сојузот на синдикатите на Македонија.

## Член 78

Статутот со измените и дополнувањата усвоени на Осмиот Конгрес стапуваат во сила со денот на неговото донесување.

Измени и дополнувања на Статутот се донесуваат во постапка иста како при неговото донесување.

**Синдикат на УПОЗ**
**Претседател**
**Трпе Деаноски**